## МИРИСИ ОД ОСМАНЛИСКИОТ ПЕРИОД



### Сензуално патување

Етеричните масла од роза и јасмин и ароматичната мастикова смола, создаваат сензуално доживување за посетителите на Куршумли Ан: патување низ времето, преку мириси вкоренети во минатото, а кои останале популарни до денес.

Најпознато од овие ароми е веројатно **маслото од роза**, извонредното етерично масло направено од ливчиња од роза, цвет кој симболизира убавина и страст. Овој спој е прифатен од ароматерапевтите, кои го користат екстрактот од маслото од роза поради неговото својство да ја разбуди сексуалната желба и надворешно, да го врати младешкиот сјај на кожата.

**Маслото од јасмин** е опоен мирис направен од етерични масла на цветот од јасмин. Тоа помага за релаксирање и ослободување од стрес, а исто тоа помага и при многу непријатности што ги искусуваат жените во продуктивниот период.

**Мастиковото масло** развеселува и предизвикува уникатно чувство како да престојувате во простор со густо насадени мастикови дрвја, на островот Хиос (Грција) на крајот на летото. Тоа е единственото место на светот каде се создава смолата од мастиково дрво. Овие „солзи‟ од смола се сеуште барани во Исламскиот свет поради нивниот вкус и освежувачки ефект, но не помалку и поради репутацијата која датира од древните времиња и според која, употребата на маслото рефлектира со здрав сјај на лицето.

Советник за мириси

Орестес Давиас, биолог - автор